Сиг. 0801-41

Инв. Бр. 2/2

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНОТО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *МУЗИЧКА УМЕТНОСТ*

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ЗА III ГОДИНА

Скопје, 2003

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 11-4029/1 од 03.07.2003 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** *музичка уметност*

**1.2. Вид на средно образование:** *гимназиско образование*

**1.3. Година (фаза) на изучување на изборните активности:** III (трета) година

**1.4. Број на часови на изборните активности:**

1.4.1. Број на часови седмично: *2 часа*
1.4.2. Број на часови годишно: 72 *часа*

**1.5. Статус на наставниот предмет:** *изборен предмет*

# 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИЗБОРНАТА НАСТАВА ПО МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

**2.1. Општата цел**

Наставата по музичка уметност е на учениците да им се овозможи да ги продлабочат знаењата за музичката уметност на одредени подрачја, да развиваат љубов и интерес кон музиката како составен дел на животот, да се развиваат творечки способности и истражувања на полето на новите сознанија за музиката, да ги надградуваат личните способности, знаења и умеења согласно со индивидуалните предиспозиции интереси и желби за овој предмет каде што ќе дојде до израз нивната креативност за развивање на естетски чувства кон уметничкото и народното музичко творештво.

## 2.2. Посебни цели

Ученикот :

- да ја разбира историјата на музиката;
- да открива естетски вредности на музичкото дело и да врши естетска анализа според сопствените доживувања;
- да ја организира работата за мини проекти – истражувања за одредени теми;
- да посетува музички настани на полето на оперската, балетската и друг вид на музика;
- да го познава музичкиот фолклор;
- да прави анализа на народната музика (изворна - новокомпонирана) и да ги воочува нејзините трајни вредности;
- да експериментира и открива нови можности за музички израз;
- да ги воочува заедничките карактеристики во уметностите (музика, танц, театар, литература, филм ТВ и др.) и да изработува мултимедијални проекти;
- да воочува, истакнува карактеристики на одредена култура, епоха и уметнички стил и да ги негува културните вредности на сопствениот и на другите народи;
- да ја збогати личноста со чувство, стремеж за колективна работа, одговорност, учество во хор, оркестар и други музички состави;
- да препознава и доживува естетски содржини на инструменталната музика и да ги разликува најзначајните инструменти од симфонискиот оркестар;
- да се подготви за продолжување на образованието и учење низ целиот живот;
- да формира интегрално сфаќање за животот и да го разбира значењето на уметноста и културата во општеството и личниот живот.

# 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на целите на изборната програма по музичка уметност и успешното занимавање со уметноста и творештвото, неопходно е ученикот да ги користи предзнаењата од основното образование и искуствата стекнати во гимназиското образование и низ содржините и активностите во разни музички институции (опера, балет и други) мајчин јазик и литература, историја, ликовна уметност и др.

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|
| **МУЗИЧКИ ФОЛКЛОР**<br>Етномузиколошка карта на Република Македонија | Ученикот:<br>- да ги познава основните елементи на етномузикологија;<br>- да ги препознава географските обележја на<br>- Р. Македонија;<br>- да ги разликува карактеристиките на музичкиот фолклор во источниот од фолклорот во западниот дел на Републиката;<br>- да ги проценува надворешните влијанија (од соседните држави) на полето на етномузиколошките обележја; | Наставникот:<br>- да подготви етномузиколошка карта;<br>- да подготви аудиовизуелни средства, слики, цртежи за географските одбележја;<br>- да организира групна форма на работа за подготовка на пано со слики на носии од разни краишта како и записи на анегдоти и легенди за постанокот на народното творештво; | - Музички фолклор;<br>- мајчин јазик и литература;<br>- ликовна уметност;<br>- историја на музиката. |
| Народни инструменти | - да го класифицира македонскиот народен инструментален корпус, како и нивната примена во народното творештво;<br>- да ги разликува видовите народни инструменти;<br>- да споредува народни инструменти од Македонија со други видови на инструменти;<br>- да поврзува употреба на народните инструменти во песнопојска и ороводна традиција; | - да презентира народни инструменти преку аудио- визуелни средства;<br>- да презентира музички примери со разни видови на народни инструменти;<br>- да организира посета на КУД; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Етнокултура - носии, накит и вез | - да ги препознава и разликува видовите народни носии во Македонија според нивната примена и местото на потекло;<br>- да прави споредба според: нивната примена, употребата на накитот и видовите на вез;<br>- да развива љубов и интерес кон етнокултурата во Македонија; | - да презентира шеми, слики, цртежи и записи за народните носии;<br><br>- да ги задолжи учениците да подготват албум со слики на носии од разни краишта и записи за примената на накитот и везот во народната носија; | |
| Етномузико-лошка работилница | - да презентира текстови за постанокот на разновидни народни песни;<br>- да собира народни песни;<br>- да прави класификација на народни песни и ора;<br>- да ги анализира мелодискиот и ритмичкиот тек на народните песни и ора;<br>- да споредува етнокултура (носии, накит, вез) со обичаите и народното творештво (песни, ора, народна поезија и народни инструменти);<br>- да подготвува есеии и да организира дебати за музичкиот фолклор. | - организира групна работа за анализа на музичкиот фолклор;<br><br>- ги проценува и проверува вредностите на учениците за активностите во етномузиколошката работилница. | - историја на музиката;<br>- мајчин јазик и литература;<br>- историја;<br>- музички форми;<br>- теорија на музика;<br>- ликовна уметност. |
| **СЛУШАЊЕ МУЗИКА** | - Да анализира познати дела од домашни и странски автори од барокот до денес врз основа на непосредното слушање;<br>- да препознава стилови и начини на интерпретација;<br>- да развие способност за препознавање на популарни дела и музичка анализа на истите;<br>- да ја развие општата музичка култура. | - Да подготви аудиовизуелни средства;<br>- да презентира музичка литература низ епохи и стилови;<br>- да ги насочува учениците кон анализа на музичките дела;<br>- да организира посета на концерти, опера, балет и др. | - Историја на музиката;<br>- мајчин јазик и литература;<br>- историја;<br>- музички форми;<br>- теорија на музика;<br>- ликовна уметност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - организира групна форма на работа за компарација на музичко-сценски дела. | |
| **МУЗИЧКО-СЦЕНСКИ ДЕЛА** | - Да ги препознава карактеристиките на музичко – сценските дела;<br>- да ги препознае и објасни особеностите на опера, оперета, балет, музичка драма и мјузикл;<br>- да идентификува популарни оперски и балетски содржини, како и фрагменти на истите;<br>- да поврзува естетски содржини на музичко сценски дела преку видеопрезентација;<br>- да дискутира за спојот на видовите уметности во музичко - сценските дела. | - Подготвува аудио - визуелни средства и видео проекции на популарни опери и балети;<br>- организира посета на музичко сценски дела. | - Историја на музиката;<br>- историја;<br>- музички форми;<br>- теорија на музика. |
| **МУЗИЧКИ ИНСТРУ-МЕНТИ**<br><br>- гудачки инструменти<br>- дувачки инструменти<br>- жичени инструменти<br>- инструменти со дирки<br>- ударни инструменти | - Да познава и користи некои музички инструменти;<br>- да разликува инструментална музика од другите видови на музика;<br>- да препознава индивидуална и групна инструментална интерпретација;<br>- да ги класифицира инструментите по нивната намена и градба;<br>- да го објасни (прави есеј) инструменталното творештво на истакнати композитори и да развива естетски критериум;<br>- да музицира на еден од инструментите на кој веќе има основни познавања. | - Да подготвува аудио-визуелни средства, слики и цртежи на музичките инструменти;<br>- организира дебата за разликата на инструмен-талната музика со другите видови музика;<br>- организира групна анализа за инструментално творештво;<br>- да презентира музички илустрации на популарни (истакнати) инструментални композитори ;<br>- да подготвува ученици за свирење на еден од инструментите за кој ученикот има основни познавања. | - Историја на музиката |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Во остварувањето на целите во изборната програма по музичка уметност ќе се користат стандардните форми и методи на работа и учење како што се: фронтална, групна, тандемска, индивидуална, истражувачка, проблемска и други. Од методите ќе се користат најмногу практично-творечката работа (мини проекти, етномузичка работилница), демонстративно-визуелна (изработка на паноа, албуми, изложби и др.), вербално-текстуален метод и други. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободното изразување на своите чувства преку слободен избор на слушање музика, запознавање на инструменталната музика, како и творечка работа во групно – тимско работење со запознавање на музичкиот фолклор во Р. Македонија. За да се надградат стекнатите знаења ќе се зголеми соработката со вонучилишните институции како: Опера, Балет, Македонска филхармонија, ФМУ, музичките училишта, КУД и други културни установи. Ќе се соработува со наши познати уметници кои ќе бидат гости во училиштата, како познати композитори, диригенти, соло – пејачи, инструменталци, балетски уметници, етномузиколози, мелографи, играорци и др.

**Активности на ученикот:** слуша; набљудува; демонстрира; повторува; дискутира; применува; истражува; увежбува; анализира; применува; учи во парови; учи во групи; користи разни извори на знаења, посетува други вонучилишни институции (Опера, Балет, Македонска филхармонија, ФМУ, музички училишта, КУД и други културни установи). Сите овие активности на ученикот ќе имаат за цел да ги надградат теоретските знаења кај учениците кои ќе можат и практично - со посета на сите вонучилишни установи (Опера, Балет, Македонска филхармонија, ФМУ, музички училишта, КУД и други културни установи) да ги утврдат своите теоретски знаења и да им овозможат да ја развијат својата лична култура која е еден од многуте важни сегменти за развојот на културна и сестрано образована личност.

**Активности на наставникот:** организира, објаснува, дава инструкции, демонстрира, координира, поставува задачи, ги вреднува задачите, дискутира, систематизира, прави и води забелешки, презентира, организира и води минипроекти, организира посета на гости уметници и други познати личности од светот на музичката уметност, организира посети на Опера, Балет, Македонска филхармонија, ФМУ, музички училишта, КУД и други културни установи. Во глобала, ќе ги организира и ќе ги поттикнува учениците во работата, ќе ги упатува во процесите на музичкото творештво (од инспирација, идеја, подготовки, изработка на проект и др.). Секако, ќе ги посочува можностите за индивидуален развој на секоја личност во рамките на културата и општеството за да го разберат значењето на музичката уметност во општеството и личниот живот.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

За остварување на целите на изборна настава по музичка уметност ќе се користат документите: Наставна програма и видовите планирања, со посебно нагласување на активностите на наставникот и ученикот во организацијата и остварувањето на часот. За организација и реализација на наставата неопходни се одредени услови меѓу кои најбитен е кабинетот или адаптираната училиница по музичка уметност која треба да биде опремена со соодветен инвентар и нагледни средства. По стекнувањето на теоретските знаења во училиштето, дел од наставата може да биде спроведена и во посета на други вонучилишни институции (Опера, Балет, Македонска филхармонија, ФМУ, музички училишта, КУД и други културни установи). Во текот на работата со учениците ќе се има предвид солидна комуникација на релацијата: наставник-ученик и обратно, задоволување на нивните потреби и интереси, оспособување на учениците за самостојно размислување и изнаоѓање оригинални решенија и развивање љубов и интерес кон музичката уметност.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Во остварувањето на целите на изборната настава по музичка уметност треба да се обезбедат просторни и материјално-технички услови:

- музички инструмент од составот на симфонискиот оркестар, т.е.за уметничка музика;
- музички инструменти со електронска музика;
- музички инструменти од обласга на изворното народно музичко творештво;
- музички инструменти кои се користат за секојдневна намена;
- етномузиколошка карта.

### 4.4.1.Технички помагала:

- касетофон (во стереотехника);
- музички сстем составен од радио, касетофон и CD;
- ТВ со видеорикордер;
- компјутер со музички програма за изработка на партитури и можности за нивно репродуцирање и печатење на принтер;

**4.4.2. Литература за наставен кадар:**

- музички лексикони;
- музички енциклопедии;
- збирка на изворни народни песни;
- литература од областа на музичката уметност;
- литература од областа на изворното народно музичко творештво;
- музички информации од Интернет;
- друг вид на литература и музикалии од значење за реализација на програмата.

**4.4.3. Литература за учениците**

- Користење во практични цели на учебниците од редовната настава:
- Музичка уметност – за I и II година гимназија;
- енциклопедии (за уметноста и друго), стручни списанија и литература според изборот и можностите на ученикот;
- брошури од популарен вид на музичката уметност;
- музичка литература од информативен карактер;
- CD, видеоснимки (видеокасети) од историјата на уметноста;
- друга литература и музикалии од значење на нивниот интерес и потреби во совладувањето на оваа наставна програма, како и за проширување на нивните музички и културни хоризонти.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Знаењата, способностите и постигањата на учениците се оценуваат согласно воспитно-образовниот систем за оценување на учениците во Република Македонија.

# 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Од наставниот кадар се очекува да ги поседува следните карактеристики на **персонални, стручни и педагошки** вредности:

- да биде психички и физички здрав;
- да го владее македонскиот литературен јазик и кирилското писмо;
- да е добар предавач и организатор на работата;
- да поседува квалитетни способности за кумуникација со учениците, родителите, колегите и други странки;
- да биде креативен, инвентивен и да се залага за иновирање на наставниот процес;
- да поседува адекватно професионално стручно образование;
- да ја сака и почитува педагошката професија;
- да применува современа образовна технологија;
- да нема говорни и физички мани.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии на:

1. Факултетот за музички уметности – оддел за музичка теорија и педагогија
2. Факултет за музичка уметност VII 1 (други оддели) со стекната педагошка доквалификација на Факултетот за музичка уметност

Предност да имаат кадрите според назначениот ред.

## 6.3. Стандард за простор

Пожелно е остварувањето на програмските цели на изборнита настава по музичка уметност да се одвиваат во кабинет или специјализирана училница по музичка уметност која е опремена со материјално – технички и дидактички средства и мебел согласно Нормативот за простор и други потреби на наставата.

Кабинетот да поседува и просторија за подготовки на наставникот која, покрај другото, ќе служи и како дидактичка остава за чување на материјално-техничките средства, стручната литература, инструментите и друго.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка:** март 2003 година.

**7.2. Состав на работната група:**

- Анкица Витанова, советник, Биро за развој на образованието – Скопје.
- Живоин Глишиќ, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност – Скопје.
- Силвана Гелевска, професор, Гим. „Јосип Броз Тито” – Скопје.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување 01.9.2003 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната изборна програма по музичка уметност ја одобри (донесе): ________________________________________

____________________________________________________ со решение бр.---------------------од ---------------------година.